# Учење во пар



Автор на пиктограми: Sergio Palao  Извор : http://catedu.es/arasaac/  Лиценца: CC (BY-NC)  Автор: ITSS- LAII

Работа во група



Работа во пар



Самостојна работа



На училиште може да учиме во група, во пар или самостојно.



Учењето со партнер е забавно. Понекогаш е полесно и побрзо да ја завршам задачата кога работам со партнер, отколку сам.



Некогаш јас можам да го избирам мојот партнер. Тоа ме прави среќен.



Понекогаш наставничката ќе ми каже со кого треба да работам.




Кога работам со партнер, треба да се однесувам убаво и да ја завршам мојата работа на време.

# Кога учам со мојот партнер треба:

Да се менувам .




Да споделувам материјали.



Да зборувам со тивок глас.



Да завршувам на време.






Со партнерот треба да се договараме и да ја поделиме работата подеднакво.

# Кога учам со мојот партнер не треба:

Да се карам




Да не го слушам партнерот




Да не работам




Да се лутам






Ако не можеме да се договориме, треба да побарам помош од наставничката.




Кога работам со партнер треба да бидам љубезен и внимателен.



Кога сум добар партнер, јас завршувам задачата на време, учам и се чувствувам добро.



Кога сум добар партнер, мојот партнер и мојата наставничка се среќни. Јас сум горд на себе!

# За да бидам добар партнер:

1. Го слушам мојот партнер.
2. Се однесувам љубезно и внимателно.
3. Ја делам работата со мојот партнер.
4. Споделувам материјали со мојот партнер.
5. Се менувам со мојот партнер.
6. Зборувам со тивок глас.
7. Завршувам со задачата на време.

